# З А П И С Н И К

**од деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата**

**за електронски комуникации за 2026 година**

Деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 09.03.2026 година во 15:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска, д-р Адмирим Алити и Директорот на Агенцијата за електронски комуникации, Јетон Акику.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за деветтиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Донесување на Одлука за усвојување на годишна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година;
4. Донесување на Одлука за усвојување на годишна сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга на Агенцијата за електорнски комуникации за 2025 година;
5. Донесување на Одлука за усвојување на ревидирана годишна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година;
6. Донесување на Одлука за усвојување на ревидирана годишна сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга на Агенцијата за електорнски комуникации за 2025 година;
7. Донесување на Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, кој содржи:

-Извештај за развојот на пазарот за електронски комуникации во Република Македонија во претходната година;

-Извештај за реализацијата на активностите утврдени во годишната програма за работа на Агенцијата за претходната година;

-Финансиски извештај за реализација на финансискиот план за претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи,побарувања и обврски за претходната година групирани по структура и по организацона структура на Агенцијата;

-Ревизорски извештај од независен овластен ревизор, и ставот на Агенцијата во однос на резултатите од извршената ревизија и

-Извештај за состојбата на средствата во компензацискиот фонд за универзална услуга, кој особено содржи податоци за исплата на нето трошоците на давателите на универзална услуга.

8. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за деветтиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3, Раководителот на Секторот за финансии, Владимир Велковски ја презентираше годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, по што Комисијата едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

Во врска со точка 4, Раководителот на Секторот за финансии, Владимир Велковски ја презентираше Годишната сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година по што Комисијата едногласно донесе Одлука за усвојување на годишната сметка на Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2025 година.

Во врска со точка 5, Независниот ревизор "Bakertilly Joanidis" го образложи Ревизорскиот извештај кој се однесува на годишната сметка на АЕК за 2025 година, по што Комисијата едногласно донесе одлука за за усвојување на ревидирана годишна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

Во врска со точка 6, Независниот ревизор "Bakertilly Joanidis" го образложи Ревизорскиот извештај кој се однесува на годишната сметка за конпензацискиот фонд за универзална услуга на АЕК за 2025 година, по што Комисијата едногласно донесе одлука за за усвојување на ревидирана годишна сметка за конпензацискиот фонд за универзална услуга на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

Во врска со точка 7, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации го презентираше Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, по што Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации едногласно донесе Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година.

Седницата заврши во 17:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател__________

Анкица Трпковска, заменик претседател__________

Анѓелка Диневска, член__________

Насер Адеми, член__________

Д-р Адмирим Алити, член__________

Наш број 1102-12/2

Скопје 09.03.2026 година